# Информација

за студентите кои се запишале на последипломски студии како и на втор циклус на студии пред донесувањето на одлуката (бр. 02-2216/1 од 27.08.2009) која се однесува за признавање на студиски обврски во висина од 42 односно до 30 кредити

Одлуката (бр. 02-2216/1 од 27.08.2009), се однесува на сите студенти кои се зпишале на втор циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Сите студенти кои се запишале на последипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, можат да поднесат барање за признавање студиски обврски според споменатата одлука, доколку извршат префрлување од последипломски студии на втор циклус на студии.

Префрлувањето од последипломски студии на втор циклус на студии можат да го извршат само оние студенти на кои не им поминал рокот за полагање на испитите, и тоа со поднесување на барање за префрлување во кое треба да ги наведат следните информации:

1. Име и презиме
2. Број на индекс
3. Насока на која се запишале
4. Уписен рок (која година и во кој рок кандидатот се запишал на последипломски, со оглед на фактот дека постоеше можност за упис во октомври или февруари)
5. Последен запишан семестар и која година го извршил уписот на истиот
6. Број и назив на досега положени испити
7. Износ на досега уплатените сретства за студирањето

**Рок за поднесување на ова барање/молба е најдоцна до 30.01.2010.**

Со префрлувањето од последипломски студии на втор циклус на студии, кандидатите ги прифаќаат условите за запишување и студирање предвидени со конкурсот за втор циклус студии вклучувајки ги и финансиските обврски за ваквиот вид студии.

При префрлувањето од последипломски студии на втор циклус на студии, кандидатите го губат правото да бараат признавање на 60 кредити во третиот циклус на студии. При упис на трет циклус на студии (докторси студии) според сегашното законско решение, овозможено е признавање на 60 кредити исклучиво за кандидатите кои имаат завршено последипломски студии, а не и за оние кои завршиле втор циклус.

**Напомена 1:** Студентите запишани на последипломски студии на кои рокот за полагање на испитите им поминал, треба да се испишат и најдоцна до 30.01.2010 да поднесат документи за запишување на дополнителниот конкурс за запишување студенти на втор циклус.

**Напомена 2:** Студентите кои се пријавиле на последипломски студии а досега не оформиле упис (немаат индекс), треба да ги повлчат документите од студентска служба и најдоцна до 30.01.2010 да се пријават на конкурсот.

**Напомена 3:** За да може да се реализира признавањето на 42, односно 30 кредити, студентите кои се запишале на FULL-TIME студии треба да се префрлат на PART-TIME студии.

Сите дополнителни информации за начинот на префрлување како и за роковите може да се добијат во студентската служба на факултетот, кај раководителот Драгица Сандевска.